**ДО:** Општина Битола

**ОД:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вреднос |
| 11-37/1 | | | |

Ев. бр. 390/2022

**ПРЕДМЕТ:** Пропратно писмо

**ДАТУМ:** 11.03.2022

Почитувани,

со партнерските организации

е поддржан од Европска Унија во рамки на ИПА програмата

Целта на проектот е зголемено учество на младинските организации и младите во процесите на креирање политики за животна средина на локално ниво, како и поддршка на општините во овие процеси.

Со цел соодветно планирање на активностите за поддршка на општините Ви испраќаме барање за слободен пристап на информации од јавен карактер. Доставените информации ќе ни овозможат утврдување на состојбите и потребите на општината во процесот на креирање на политики за младинско учество и прашања од областа на животна средина. Информациите можете да ни ги доставете во електронска форма на е-маил адресата наведена во барањето.

За сите детали поврзани со проектните активности, ќе бидете навремено известени.

Доколку имате дополнителни прашања Ви стоиме на располагање.

( Образец ПП……)

**До: Општина Битола**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?
2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина *(чл. 45 ст. 5 од Закон за животната средина)*? Ако да, ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?
3. Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола? *(чл. 123 од Закон за животната средина)*?
4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?
5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина? Ако е формирана кој ја сочинува, кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?
6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл. 60 од Закон за животната средина? Ако има донесено, ве молиме доставете ни примерок од документот. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?
7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст. 3 и 4 од Законот за животната средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?
8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитените подрачја
9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?
10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.

11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.
12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 11 Март 2022 година**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-37/2
16.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-37/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на прашањата под реден број 1, 2, 3, 5, 6, 7, 8 и 9 во рок од 5 работни дена.

17.03.22

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кире Ѓорѓиевски
Раководител на одделение за човечки ресурси

Бр.11-37/3
16.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-37/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на прашањето под реден број 4 во рок од 5 работни дена.

16.03.22

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Виолета Налевска
Раководител на одделение за јавни дејности

Бр.11-37/4
16.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-37/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на прашањата под реден број 10, 11, 12 и 13 во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 17 -03- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-37/5 | | | |

Општина Битола
Бр. 04-54/2
17.03.2022.
Битола

До

Раководител на Одделение за административни и општи работи
Цветанка Ристевска

**Врска:** Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-37/3 од 16.03.2022 година.

**Предмет:** Достава на податоци

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ве известувам следното:

Општината Битола има вработено 1 еден Овластен инспектор за животна средина

Со поздрав

Раководител
на одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА БИТОЛА** | | | |
| Примено: | 17.03.2022 | | |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 11-37/6 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање со бр. 11-37/4 од 16.03.2022

Во врска со Вашето барање бр. 11-37/4 од 16.03.2022 Ве информираме

.

- Формиран е локален младински совет во февруари 2022 год.( прилог листа членови ). Лице за контакт: Ивана Атанасовска моб:075 632-223
- Општина Битоа нема важечка Стратегија за млади планирано е да се изработи во 2022 год. за што се испланирани средства во Програмата за млади и спорт 2022.
- Преку вклучување во изработката на програми и стратегии на локално ниво. Сега сме во фаза на отварање на Младински Центра заедно со Националниот младински совет за чие функционирање се издвое 300.000 ден од Програмата за млади и спорт 2022.

- Во прилог листа на ЗГ

Со почит,

17.03.2022

Раководител на одд. за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

| Р.Бр. | ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ - БИТОЛА | | | | ДИРЕКТОР / ЗАСТА | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | НАЗИВ | ПОЛЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ | АДРЕСА | ВЕБ/ФАН СТРАНА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕЛЕФОН |
| 1 | Асоцијација 615 | Уметност и култура | нас.Кланица 5/17 | www.615asocijacija.org | Иван Литовски | 075 712 726<br>076 645 447 |
| [redacted] | АМОС Центар за човекови права | Човекови права | Скоевска 114 | www.amos.org.mk<br>www.facebook.com/groups/175663072319/ | Доц. д-р Сашо Кочанковски<br>Билјана Темелкова-Бејковска | 047 252 307<br>070 549 205<br>070 892 928 |
| [redacted] | Баирска светлина | Права на Роми | Јорго Костовски б.б. | www.bairskasvetlina.org.mk<br>www.facebook.com/pages/Центар-за-Развој-на-Ромската-Заедница-Баирска-Светлина-Битола/483724835362 | Ремзи Медик | 047 241 694<br>078 449 092 |
| [redacted] | Базична сила на медиумите БСМ | Медиуми, слободен пристап до информации, човекови права, права на деца | Караорман бр.104а | | Маја Богоевска | 070 307 731 |
| [redacted] | Граѓанска асоцијација | Човекови права | Брегалница 41 | www.facebook.com/graganska.a | Ѓорѓи Јошевски | 075 512 803 |
| [redacted] | Европска Гледна Точка - Здружение за Евроинтеграции | Европска интеграција и млади | Костурска бр. 28 | www.egt.mk<br>www.facebook.com/evropska.tocka | Дејан Петровски | 071-261-558 |
| 10 | ЕКОВАСТ (Европски совет за села и мали градови) - Национална Секција за РМ | Културно наследство | Ели́да Караманди 7 | | Викторија Момева-Алтипармаковска | 075 298 717 |
| 11 | Еколошко Здружение САПУНЧИЦА | Екологија | с. Дихово | Еколошко Здружение "Сапунчица" Дихово Битола<br>http://on.fb.me/1LYNI0z | Марјан Каранфиловски<br>Ренато Симоновски | 075 825 355<br>076 690 602 |
| [redacted] | Женска граѓанска иницијатива КЛЕА | родови прашања | Климент Охридски бр.15/14 | | Даница Петличкова | 070 339 948<br>075 886 706 |
| 13 | Заедница на Срби во Македонија - местен одбор Битола | Зачувување на културата на етничките заедници | Широк Сокак 91 | www.zsm.org.mk | Томислав Жугиќ | 070 711 135<br>075 659 305 |
| 14 | Здружение за еднакви можности СЕМПЕР | Родови прашања, семејно насилство, трговија со луѓе | Сисак 23 | www.semper.org.mk<br>www.facebook.com/NGO-Semper-Bitola-164082410270346 | Ѕаа Бојкоска | 047 252 095<br>070 339 296 |
| 15 | Здружение за едукација и кулинарство СЕ ЗА ХРАНА Битола | Храна и Здравје | Бистра бр. 59 | www.sezahrana.mk<br>www.facebook.com/sezahrana | Катерина Шамбевска<br>Марија Кочовска | 076 550 150<br>075 524 304 |
| 16 | Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола | храна и здравје | Св.Климент Охридски 33/35 | www.slowfood.mk/bitola | Николче Николовски | 070 922 429 |
| [redacted] | Здружение за одржлив развој СФЕРА Македонија | Младински програми | Солунска 239 | www.voluntarysfera.org<br>www.facebook.com/SferaMacedonia | Милчо Дули | 047 242 556<br>071 369 679 |
| 18 | Здружението за развој и активно делување и поттикнување на граѓанскиот сектор ЗА НАС СЕ РАБОТИ | Заштита на животната средина | Климент Охридски, Пелагонка 2, лам. 4 | www.zanasseraboti.org.mk<br>www.facebook.com/zanasseraboti | Дуле Груевски | 071 278 670<br>078 807 062 |
| [redacted] | Здружение за развој на граѓанско образование и цивилно општество ГАНИМЕД | Граѓанско образование | Блаже Рогозинарот 68 | www.facebook.com/Zdruzenie-na-gragani-Ganimed-208365166036321/?fref=ts&__mref=message | Гоце Стојановски | 078 280 199 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Здружение за урбана култура и уметност "Machina" | Урбана култура и уметност | Димитар Влахов 117 | www.facebook.com/zuk.machina | Диковски Тихомир<br>Аневски Никола<br>Сашко Трајковски | 070764972<br>078269283<br>078383250 |
| 22 | Здружение за напредно современо образование Волвокс | Напредно и современо образование | | https://www.facebook.com/profile.php?id=100010492170140&fref=ts&  mref=message_bubble | Антонио Колонџоски | 076 659 121 |
| 24 | Здружение за наука, култура и литература „Златно Перо" | Уметност, култура, издаваштво | Кленовец бр.15 | | Олга Наумовска | 077 57 57 67 |
| 25 | Здружение на жени ПРЕСТИЖ | родови прашања, семејно насилство | Климент Охриски 2/9 | | Маса Димиќ | 075-667-117 |
| 26 | Здружение на уметници ракотворци ЗУР | Изработка на ракотворби | | www.facebook.com/zur.makedonskirakotvorbi.5?fref=ts | Јулијана Петровска<br>Гордана Лазаревска | 070 395 578<br>070 395 608 |
| 27 | Здружение Интерактивна мрежа за образование и ресурси - ИМОР | Млади, култура, ИКТ, човекови права | Милтон Манаки број 17 | www.imor.org.mk | Јове Јанкуловски<br>Мимоза Анастоска - Јанкуловска | 070 339 229 070 395 509 |
| 28 | Кајмакчалан Еколошко Друштво | заштита на животна средина | с.Маково | | | 047 231 145<br>075 425-524 |
| 29 | Културно општествена хуманитарна асоцијација Граѓанска Иднина | Општествен развој | Полковник Неделков 1а | | | 078 370 140 |
| 31 | Лајонс Клуб | хуманитарни работи | Борис Кидриќ б.б. | www.facebook.com/LIONS-CLUB-BITOLA-Macedonia-198707345504 | Веле Стефановски | 070-790-670 |
| 32 | Лајонс Клуб КАБАДАЈА | хуманитарни работи | | http://lions.mk/klub.asp?cnd=59<br>www.facebook.com/Lions-Club-Kabadaja-Bitola-116745609994 | | |
| 33 | Лајонс Клуб ХЕРАКЛЕА | хуманитарни работи | | https://lcherakleabitola.wordpress.com/<br>www.facebook.com/lionsclubherakleabitola | | 070-339-385 |
| 34 | Лајф Старт | едукација за ран детски развој | Јорго Османо 24 | | Елизабета Јакимовска | 047 253 637<br>070 207 871 |
| 35 | ЛИБЕРТАНИА - Центар за современа политика - младински програми, општествени истражувања, едукација | млади и едукација | | www.facebook.com/LibertaniaMK | Никола Петровски | 077 666 775 |
| 36 | Македонско научно друштво | | Ленинова 6б | | Проф.д-р Марјанчо Танушевски | 047 222 683 |
| 37 | Македонско-турско здружение Мустафа Кемал Ататурк | култура | п.фах 180 | | Шенол Мемиш | 070 898 749 |
| 38 | Мал Битолски Монмартр - Св.Кирил и Методиј | култура | Марјан Божиновски 18 (Далматинска) | www.smallmontmartreofbitola.com | Коста Хаџи Антоновски | 047 235 184<br>075 730 013 |
| 39 | Младинска Асоцијација ИМКА Битола | Младински програми | Васко Карангелевски РЕМО 1/3/42<br>Канцеларија - Петар Петрович Његош 128/16 | www.ymcabitola.org.mk<br>www.facebook.com/ymcabitola.org.mk | Виктор Илиев<br>Александра Андоновска | 047 529 366 |
| 40 | Младински културен центар (МКЦ Битола) | Младински програми, уметност и култура | Цар Самоил 29 | www.mkcbr.org.bt | Златко Талевски | 047 233 020 |
| 41 | Организација на потрошувачите | заштита на потрошувачи | Бул.1-ви Мај 204 | | Снежана Димитровска | 047 228 246<br>075 584 188 |

| Ред. бр. | Име и презиме | институција | контакт | e-mail |
|---|---|---|---|---|
| [redacted] | Розинка Петровска | Здружение на граѓани Нов Видик ( деца со попреченост) | 071-294-149 | aleksandrapetrovska@yahoo.com |
| [redacted] | Радмила Цветковска | Родители на деца со ПП | 078-449-853 | resursen.centar@yahoo.com |
| [redacted] | Јасминка Кочанковска | ЗЕС Дел од сите (еднородителски) | 078-313-537 | j.kochankovska@gmail.com<br>delodsite@gmail.com |
| 4 | Ирена Н.Ристановска | Здружелие на психолози Рилука | 076-403-312 | ri.luka.2011@gmail.com |
| [redacted] | Фатма Аземовска | Суминал (унапредување на состојбата на ромите) | 070-699-743 | sumnalb@yahoo.com |
| 6 | Лилјана Ристевска | ООЦК Битола | 075-207-824 | Bitola@redcross.org.mk<br>lristevska@yahoo.com |
| [redacted] | Фанче Горгиевска | Мобилност Битола | 076-473-850 | nikojankov@hotmail.com |
| [redacted] | Мирјана Алексовска | Здружение на активности за ефективна интеграција на граѓанското општество Заедничка алтернатива | 075-897-494 | |
| [redacted] | Бети Булаковска | Здружение на лица со посебни потреби ЕМАНУЕЛ | 075-517-272 | emanuilplusbitola@gmail.com |
| 10 | | Живот со предизвици (ретки болест) | 070 705 446 | info@challenges.mk |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Силвија Попчановска | Ретки различни (лица со попречености) | 076-786-593 | retki.razlicni@yahoo.com |
| [redacted] | Бојан Тодоровски | Млади хуманисти (подобрување на состојбата во општеството) | 071-772-772 | mladihumanisti772@gmail.com |
| 13 | Дарко Милевски | Здружение на креативноста, уметноста и културата на град Битола КОНЗУЛИ( едукативен центар за лица со попречености во делот на уметноста) | 78292296 | konzuli_bt@hotmail.com |
| [redacted] | Јулијана Трајчевска | Центар За Лица Со Интелектуална Попреченост Порака Битола | 70998991 | poraka.bitola@gmail.com |
| [redacted] | Наташа Кривевска | ЛООТУС ( подобрување на општествената состојба) | 071-385-681 | lootusj2011@gmail.com |
| [redacted] | Лилјана Корлевска | Здруженије на слепи лица | 075-212-191 | zdruzenienaslepilicabt@yahoo.com |
| 17 | Снежана | Здруженије на глуви лица | 047 523 588 | zdruzenienagluvi@gmail.com |
| [redacted] | Маре Стојменовска | ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА И МЛАДИ СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ ДЕТЕЛИНКА ПЛУС | 076-282-191 | detelinkaplus@yahoo.com |

**ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ**
**НА ОПШТИНАТА БИТОЛА**

**- Седница за избор на членови на ЛМС -**
**Бр.0910-61/41**
**18.01.2022**
**Битола**

Локалното собрание на млади на Општина Битола одржа седница на 18.01.2022 година на која се разгледа:

1. **Формирање на три члена верификациона комисија**
2. **Презентирање на програмите на кандидатите за членови на ЛМС**
3. **Гласање на делегатите од ЛСМ за кандидати за членови на ЛМС**

По гласањето на делегатите од Локалното собрание на млади на Општина Битола, верификационата комисија за спроведување на изборите за членови на Локалниот младински совет на Општина Битола на Советот на Општина Битола го поднесуваат следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

По спроведување на гласањето за избор на членови на Локалниот младински совет на Општина Битола, се констатира дека членови на Локалниот младински совет се:

1. Јан Бекиров
2. Ангела Плушковска
3. Марија Бошевска
4. Филип Томевски
5. Билјана Велјановска
6. Симона Наумовска
7. Ивана Атанасовска
8. Стефан Думаловски
9. Кристијан Крстевски

**Верификациона**
**комисија на ЛСМ на**
**Општина Битола**

1. **Вероника Жежовска** ______
2. **Стефан Думаловски** ______
3. **Анастасија Главевска** ______

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

31-518

18.03.2022 год.

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 18-03-2022

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11-37/ | 7 | | |

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-37/2 од 16.03.2022 година, а се однесува на Пропратното писмо испратено од страна на Ви ги испраќаме одговорите на прашањата кои се во надлежност на Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина и тоа прашање број 1,2,3,5,6,7,8 и 9:

1. Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање после донесувањето на програми и стратешките документи поврзани со животната средина истите ги објавува на официјалната web страница на општината, Службени гласници и истите се јавно достапни. Исто така, Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр 101/2019) секогаш обезбедува остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер.

Официјалната web страна на Општина Битола е www.bitola.gov.mk , во делот на постапки – животна средина можете да ги најдите сите стратешки документи, програми, дозволи поврзани со животната средина.

2. Според член 45 од Законот за животна средина Одделението секоја година во периодот март/април доставува Годишен извештај за реализација на Програмата за животната средина за претходната година заклучно со 31.12.
   Во Прилог Ви го испраќаме Годишниот извештај испратен до Совет на Општина Битола, како и Годишниот извештај до Министерство за животна средина и просторно планирање.
3. Според член 123 од Законот за заштита на животната средина став 2, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, општината и градот Скопје, треба да имаат определено најмалку едно лице во локалната администрација, кое има висока стручна подготовка од областа на природните и на техничките науки. Според горенаведениот член и според обврските на локалната самоуправа кои произлегуваат од законската регулатива, Општина Битола има назначено лице со соодветни квалификации за издавање на горенаведената дозвола.
4. Според член 34 од Законот за животна средина, Општина Битола нема формирано локална мрежа за мониотиринг на животната средина.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Министерството за животна средина и просторно планирање има воспоставен Државен автоматски мониторинг систем кој се состои од 17 автоматски мониторинг станици и тоа две на територијата на Општина ( Битола 1 и Битола 2) и според информациите кои општината ги добива на истиот систем врши следење на квалитетот на амбиенталниот воздух, изготвува месечни и годишни извештаи. Во моменти на надминување на воспоставените Гранични вредности ( праг на информирање и праг на алармирање ) ги информира граѓаните преку соопштенија на официјалната страна на општина Битола со препорачливи мерки кои треба да ги преземат при надминување на граничните вредности.

5. Согласно Законот за животна средина член 60, Општина Битола има донесено Локален еколошки акционен план 2016-2021 година. Оваа година согласно Програма за заштита на животната средина и согласно финансиските средства во истата, општината е во постапка на Јавна набавка на нов Локален еколошки акционен план.

Во прилог Ви го доставувам линкот од ЛЕАП 2016 година.

https://www.google.com/search?client=firefox-b-d&q=leap+optina+bitola

6. Општина Битола нема изготвено Стратегија за одржлив развој ( Локална Агенда 21).
7. Согласно Законот за заштита на природата единствено заштитено подрачје е подрачјето во рамките на Националниот Парк Пелистер.

Во прилог Ви го испраќаме линкот од Нацрт Просторен План за Национален Парк Пелистер

https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/%d0%9d%d0%b0%d1%86%d1%80%d1%82-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd-%d0%bd%d0%b0-%d0%9d%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%ba-%d0%9f%d0%b5%d0%bb%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b5%d1%80.pdf

8.Општина Битола има формирано партиципативно тело за урабнистичко планирање согласно член 46 од Закон за урбанистичко планирање ( Сл весник на РМС 32/20).

Во состав на Партиципативното тело учествуваат претставници на Комисијата за урбанизам, Претставници на Совет на Општина Битола, претставници на Јавни претпријатија, невладини организации, здруженија на граѓани и стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други области поврзани со проблематиката. Во работата на ПТ покрај членовите учествуваат и граѓански членови, стручни лица вработени во правни лица- изработувачи на урбанистички планови и проекти и други заинтересирани стручни лица и граѓани. Од увидот во CV-ата кои беа приложени може да се заклучи дека старосната граница се движи од 30-50 години.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Валентина А. Кривашија диа

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР

м-р Тони Јовановски дги

**И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на
Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола
за 2020 година, заклучно со 31.12.2020 година

Подносител на Извештајот:
Комисија за човекова средина, во соработка со Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

Битола, Март 2021 година

Врз основа на чл. 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ Бр. 5/2002), чл. 22 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола Бр. 10/05 и 17/08) и Програмата за работа на Општина Битола, Советот на Општина Битола на својата Седница одржана на ден ___________ 2021 година го усвои следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на

Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола

за 2020 година, заклучно со 31.12.2020 година

Програмата за животна средина на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, како рамка за спроведување на политиката за заштита и унапредување на животната средина е реализирана низ следните постапки:

## 1. ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

- Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку редовни мерење и следења на државната мрежа, изготвување на месечни и годишни извештаи и редовно информирање на граѓаните на територијата на општина Битола преку соопштенија при надминување на граничните вредности (праг на алармирање и праг на информирање).

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на Република Македонија бр.183 од 14.12. 2017) во кој е дефиниран прагот на алармирање

за суспендирани честички со големина од десет микрометри (PM10) надминување на вредноста од 188 $\mu g/m^3$ во текот на два последователни денови и добиената временска прогноза од Управата за хидрометеоролошки работи, истиот беше надминат во месец јануар и со Одлука на Советот на општина Битола за првпат поради надминување на вредноста односно поради зголемено загадување на амбиенталниот воздух спроведена е мерката за субвенционирање на бесплатен превоз на 31.01.2020 година за граѓаните на територијата на општина Битола.
Искористени средства за субвенционирање на бесплатниот превоз на ден 31.01.2020 година во висина од 56.936,00 денари

Прилог 1
Извештај по квалитетот на амбиенталниот воздух по месеци за 2020 година

- Замена на печките кои користат огревно дрво преку субвенционирање високоефикасни инвертер клима уреди за намалување на загадувањето.

На редовната 159-та седница на 14.10.2019 година која се одржа во зградата на Општина Битола, Владата на РСМ соопшти дека на Општина Битола и се доделени 155.000.000,00 денари за субвенционирање на високоефикасни инвертер клима уреди.
Јавниот повик за доделување на средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди започна на 18.09.2020 година, и по завршување на истиот беа доделени 2500 клима уреди се со цел замена на тврдо и фосилно гориво и намалување на изворите на загадување водејќи грижа за здравјето на граѓаните.
После завршување на фаза 1 од Јавниот повик следеше доискорустување на средствата пришто беа доделени уште 183 инвертери.
Вкупниот број на доделени клима инвертери на Јавниот повик за искористување на средствата доделени од страна на Влада на РСМ е 2683 односно 154 108 533,00 денари, односно 2683 извори на загадување со Јавниот повик на Општина Битола се затворени.

- Стимулирање на здравите навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди.

Спроведен еден Јавен повик и доделени средства за субвенционирање на жителите на општината за купен велосипед во вредност од 50% од сумата на платен велосипед.

Средства наменети за спроведување на оваа мерка во висина од 1 000 000 денари и реализирани 989 368,00 денари .

- Изработка на Катастар на загадувачи – во тек

- Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изготви:
    - Електронски Регистар на сите одобрени елаборати од 2010 заклучно со тековната година
    - Регистар на сите одобрени елаборати и Б интегрирани еколошки дозволи со координати (местоположба), дејност, вид на енергенс кој го користат.
- Набавени се 4 еко возила на метан ( 2 комбиња и 2 минибуси) од страна на Општина Битола за почиста животна средина и решавање на проблемот со загадувањето.
- Зголемени Инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки обврска пропишана во законот за комунални дејности.
- Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари- континуирано

## 2. ЗАШТИТА ОД ВОДИТЕ

- Чистење на речното корито и потпорните ѕидови на кејот на реката Драгор се извршува континуирано секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба.
- Проект Пречистителна станица

Изработен колекторскиот систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново. Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево.

Колекторскиот систем ќе овозможи отпадните води што досега не биле третирани од подпелистериeто да бидат опфатени согласно светските стандарди.

Изработка на секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново.

За отпадните води на хотел Молика се изработува техничка документација за уште една помала пречистителна станица со колекторски систем.

## 3. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

- Реализиран Проектот Еко офанзива 1 уредување и обезбедување на нови зелени површини, детски паркови.

Во првата фаза од проектот во соработка со ЈП Комуналец оплеменети се следните локации:

1. МЗ Даме Груев – детски парк
2. населба Карпош – детски парк
3. наспроти ОУ Тодор Ангелевски – детски парк
4. ул.Тошо Даскалот (мв Бактериолошка) – зелена површина
5. ул.Баталјон Стив Наумов (мв Убавиците) - детски парк
6. Парк кај Бадо
7. Парк Анести Пановски
8. Парк Сезам
9. Парк Јадранска
10. Парк Брусничко-Лавчанска

- Изработка на Зелен Катастар – во тек

## **4.** ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

- Изработена сообраќајна студија и идеен проект за улица Довлеџик на потегот од крстосницата со улица Васко Карангелевски до мостот на р.Драгор
- Изработена сообраќајна студија и идеен сообраќаен проект со динамичка микроскопска симулација за организирање на режим на сообраќај во ЦГП

Подносител на Извештајот
Комисија за човекова
средина, во соработка со Одделение за урбанистичко
планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештај за реализација на Програмата за животна средина на Општина Битола за 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-384/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.04.2021 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување Извештај за реализација на Програмата за животна средина за 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за реализација на Програмата за животна средина за 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-384/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2021 година

1. Ја објавувам Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2021 година, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 26.04.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-384/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2021 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ" бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; бр.226/15; бр.31/16; бр.142/16; бр.190/16 и бр.275/19), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 26.04.2021 година донесе:

## ПРОГРАМА
## за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2021 година

1. Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2021 година („Службен Гласник на Општина Битола"бр.20/20 и 02/2021) се вршат измени и дополнувања во делот на Планирани расходи за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2021 година и после извршените измени истите гласат:

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2021 година

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет2021 | I Измени и дополнување | II Измени и дополнување | Родов аспект |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482120** | **Изградба на улици, патишта и автопати** | **21.308.015,00** | **23.183.091,00** | **23.183.091,00** | |
| *1.1* | | | | *ул.„Љубојно"* | *2.279.847,00* | 4.154.923,00 | 4.154.923,00 | √ |
| *1.2* | | | | *Изградба на паркинг простор во АРМ 1* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* | *2.500.000,00* | |
| *1.3* | | | | *Лок.пат од с.Кажани до с. Маловишта I фаза* | *16.528.168,00* | *16.528.168,00* | *16.528.168,00* | |
| | | | | | | | | |
| **2.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **11.047.587,00** | **11.047.587,00** | **11.047.587,00** | |
| *2.1* | | | | *Секундарна мрежа за колектор Б.чешма-Ц.петли* | *1.847.587,00* | *1.847.587,00* | *1.847.587,00* | |
| *2.2* | | | | *Мал Парис – покривање на отворениот канал* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* | *2.000.000,00* | |
| *2.3* | | | | *ул.„16-та"* | *7.200.000,00* | *7.200.000,00* | *7.200.000,00* | |
| | | | | | | | | |
| **3.** | **РА** | **Фосилни горива** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **5.552.413,00** | **5.552.413,00** | **5.552.413,00** | |
| *3.1* | | | | *Секундарна мрежа за колектор Б.чешма-Ц.петли* | *5.552.413,00* | *5.552.413,00* | *5.552.413,00* | |
| | | | | | | | | |
| **4.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **309.156,00** | **309.156,00** | **309.156,00** | |
| *4.1* | | | | *Изградба на доводен цефковод до населбата под с.Брусник* | *309.156,00* | *309.156,00* | *309.156,00* | √ |
| | | | | | | | | |
| **5.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482920** | **Изградба на други објекти** | **32.482.501,00** | **33.264.501,00** | **33.264.501,00** | |
| *5.1* | | | | *Изградба на рампи за лица со попреченост* | *1.000.000,00* | *1.000.000,00* | *1.000.000,00* | √ |
| *5.2* | | | | *Изградба на настрешници во функција на објект во пазарот* | *15.410.236,00* | *15.410.236,00* | *15.410.236,00* | |
| *5.3.* | | | | *Изградба на излетничко место во с. Лопатица* | *6.071.265,00* | *6.071.265,00* | *6.071.265,00* | √ |
| *5.4* | | | | *Адреналински парк* | *3.700.000,00* | *3.700.000,00* | *1.700.000,00* | |
| *5.5* | | | | *Санација на велосипедска стаза на Копанки* | *0,00* | *0,00* | *2.000.000,00* | |
| *5.6* | | | | *Детски забавен парк кај малото училиште „Даме Груев"* | *1.158.000,00* | *1.000.000,00* | *1.000.000,00* | √ |
| *5.7* | | | | *Детски забавен парк кај објектот на УЗ„Кочо Десано"* | *790.000,00* | *1.200.000,00* | *1.200.000,00* | √ |

ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Број 08-270
22.03.2021
Битола

До
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
Скопје

Заедница на единиците на локална
самоуправа
Ул. Копенхаген бр. 5
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Годишен извештај за состојбите и промените во просторот за 2020 година
**ВРСКА:** Ваш број 15-1441/1 од 05.03.2021 година,

Во прилог на овој допис Ви испраќаме потребни податоци за следење на промените во просторот за 2020 година на територија на Општина Битола, за точките од информативниот лист кои се во надлежност на Општина Битола и за кои во моментот поседуваме податоци.

**Извештајна единица – Општина Битола** **Година 2020**

**Точка 5**. Зголемување на изградената површина:
**5.1.** Во 2020 година зголемувањето на изградената површина во рамките на планскиот опфат на ГУП за град Битола е согласно издадените одобренија за градење издадени од страна на Одделението за спроведување на урбанистичките планови.
**5.2** Во 2020 година зголемување на изградената површина вон населените места е согласно предвидената површина на планските опфати на донесените плански документаци:

5.2.1. ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП 788/1 КО Битола 1 и 2 - Општина Битола,

Површина на плански опфат: 0,5 ха (5300 м2)

5.2.2 ЛУПД за изградба на објекти со намена Е2- фотоволтаична централа на КП 954 КО Црновец

Површина на плански опфат: 1,023 ха (10230 м2)

5.2.3 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија на КП 442/1 КО Дихово вон гр.

Површина на плански опфат: 0,82 ха (8281 м2)

5.2.3 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП бр. 792/1 м.в. Довлеџик КО Битола

Површина на плански опфат: 0,62 ха (6200 м2)

**Точка 6. Нова сообраќајна инфраструкутура**

6.1 Нови патишта на подрачјето на РМ ( надвор од опфат на населени места)

- магистрални патишта – НЕМА;
- регионални патишта - НЕМА ;

6.2 Нови патишта на подрачје на Општината (надвор од опфат на населени места) – НЕМА

6.3 Нова мрежа на главни железнички пруги на подрачје на РМ – НЕМА ;

6.4 Нова примарна и секундарна аеродромска мрежа на подрачје на РМ – НЕМА ;

**Точка 9**. Нови далноводи НЕМА

**Точка 10.** Нови трафостаници НЕМА

**Точка 11.** Комуникациски и доставни системи НЕМА

**Точка 12.3**

Планирани површини за изградба на објекти со намена Г3

Вкупна површина на плански опфати: 1,16 ха

Планирани површини за изградба на објекти со намена Е2

Површина на плански опфат: 1,023 ха

Планирани површини за изградба на објекти со намена Г2

Површина на плански опфат: 0,82 ха

**Точка 14: Систем за водоснабдување и систем за одведување и третман на отпадни води**

14.2. Проширување на постоечкиот водоснабдителен систем за населено(и) место:

**ГРАД БИТОЛА**

**ул. Асном**

- изградба на водоводна линија: L = 130 м Ф=110 мм.

**- ул. Илинденска**

- реконструкција на водоводна линија: L = 1038,62 м Ф=160 мм.
- реконструкција на водоводна линија: L = 54,50 м Ф=110 мм

**- ул. Бранко Радичевиќ**
- реконструкција на водоводна линија: L = 110 м Ф=225 мм

**- ул. Прогрес**
- реконструкција на водоводна линија: L = 190 м Ф=90 мм

- **Градски стадион**

Водоводен приклучок L = 30 м Ф=110 мм

- **Офицерски дом**

Водоводен приклучок L = 40 м Ф=90 мм

**СЕЛО ДОЛНО ОРИЗАРИ**
Реконструкција на приклучок L = 112 м Ф=25 мм

**СЕЛО ДОЛНО ОРИЗАРИ**
Девијација на водоводна линија L = 55 м Ф= 63 мм

14.3. Систем за одведување и третман на отпадните води

**СЕЛО ТРНОВО**
Колектор L = 52 м Ф= 300 мм
Изградена пречистителна станица
(КО Трново) со капацитет 75 м3/ ден

14.3. Проширување на системи за одводнување на отпадни води

**СЕЛО ТРНОВО**
Изградба на секундарна
канализациона мрежа L = 654 м Ф=250 мм

14.4. **ГРАД БИТОЛА**

**ул. Асном**
изградба на атмосферска канализација : L = 247,36 м Ф=300 мм.
изградба на фекална канализација : L = 85,11 м Ф=250 мм.

**ул. Партизанска**
реконструкција на атмосферска канализација : L = 345,92 м Ф=400 мм.
реконструкција на атмосферска канализација : L = 226,64 м Ф=315 мм.
реконструкција на фекална канализација : L = 548,51 м Ф=315 мм.

**ул. Илинденска**

| | | |
|---|---|---|
| реконструкција на мешовита канализација : | L = 702,64 м | Ф=300 мм. |
| | L = 25,87 м | Ф=350 мм. |
| | L = 327,63 м | Ф=400 мм. |
| | L = 227,49 м | Ф=500 мм. |
| | L = 20,81 м | Ф=800 мм. |

**ул. Бранко Радичевиќ**
реконструкција на мешовита канализација : L = 119,5 м Ф=600 мм.

**ул. Тошо Даскало**
реконструкција на мешовита канализација : L = 40 м Ф=250 мм.

**ул. Прогрес**
реконструкција на фекална канализација : L = 65 м Ф=250 мм.

14.5. Приклучоци
**Офицерски дом -**
Приклучок за атмосферска канализација : L = 94 м Ф=300 мм.
Приклучок за атмосферска канализација : L = 94 м Ф=250 мм.

**ул. 21-ва**
реконструкција на мешовита канализација : L = 130 м Ф=250 мм.

**СЕЛО ДОЛНО ОРИЗАРИ**
реконструкција на мешовита канализација : L = 60 м Ф=300 мм.

**Точка 19. Во 2020 година не се изведени нови јавни Засолништа;**

**Точка 20. Заштита на животната средина**

20.1.Плански документи за кои е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ врз животната средина:

- УП за село Дихово – Општина Битола,

20.2 Издадени Б интегрирани еколошки дозволи

- Интегрирана Б еколошка дозвола за фабрика за квасец и алкохол – Битола

20.3 Нови санитарни регионални депонии – НЕМА
20.4 Санирани и рекултивирани деградирани простори простори на подрачјето на Општина Битола се следните локалитети

1.МЗ Даме Груев – детски парк
2.населба Карпош – детски парк
3.наспроти ОУ Тодор Ангелевски – детски парк
4.ул.Тошо Даскалот – зелена површина
5.ул.Батаљон Стив Наумов - детски парк
6. МЗ Борис Батерот – нов детски парк
7. улица Север Југ – нов детски парк
8.улица Партизанска – хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема
9.улица Васко Карангелевски - хотел Битола- нов детски парк

20.5 На територија на општина Битола не се врши мониторинг на квалитет на почвата;
20.6 Мониторинг на квалитет на амбиентен воздух се врши преку:
- активни мониторинг станици за мерење на квалитет на амбиентен воздух ;
Поставени се две автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух и тоа:
1. Станица поставена во дворот на Метеоролошката станица на управата за хидрометеоролошки работи (Битола 1 УХМР) -
2. Станица поставена во централното градско подрачје, во дворот на управната зграда на Стрежево (Битола 2 Стрежево) -

3. Новоизградени мониториг станици - нема

Од сите загадувачки супстанции SO2, PM10,CO,o3,NO2 надминувања има само кај суспендираните честички ПМ10 и на двете локации и тоа во периодот :
- мерна станица Битола 1 (концентрации над 50 $\mu g/m^3$ ) не работеше во периодот од јануари до септември , додека надминување на концентрациите има во месец ноември
- мерна станица Битола 2 (концентрации над 50 $\mu g/m^3$ ) во месеците кога работеше има надминувања од јануари, февруари и ноември

20.7 На територијата на општина Битола, мониторинг на бучава спроведува Заводот за здравствена заштита – Битола

20.8 Воспоставени заштитни зони околу изворите и акумулациите има само на една локација на местото кај „Стар водовод„
20.9 На територијата на општина Битола има податоци за квалитетот на отпадните води од индустриските капацитети кои се пуштаат во површинските водотеци.Овие податоци се дел од интегираните еколошки дозволи за кој операторите се должни да вршат мониторинг и да ги достават извештаите до инспекторатот на општина Битола
20.10 Мерки за заштита на животната средина во зоните за туризам не се превземени;

**Точка 21. Новоизградени објекти за домување**

21.1.1 Новоизградени објекти со намена А1- индивидуално домување со издадени одобренија за градење – ВКУПНО 48 објекти ( површина 6500 м2)
21.1.2 Новоизградени објекти со намена А2-колективно домување со издадено одобрение за градење ВКУПНО 4 објекти ( површина 10870 м2)
21.1.3 Новоизграден објект со намена А3 – заедничко домување ( површина 1760 м2)
21.1.4 Новоизградени објекти со намена В2 - здравство и социјална заштита (површина 6430 м2) со издадено одобрение за градење
21.1.5 Новоизграден објект со намена В4 – згради на органите на локалната самоуправа со издадено одобрение за градење (површина 1389 м2)
21.1.6 Новоизграден објект со намена Г – индустриски објекти со издадено одобрение за градење ( површина 1460 м2)
21.1.7 Новоизградени социјални станови предвидени со годишната програма - НЕМА

**Точка 23. Урбанистички планови и Урбанистичко планска документација усвоена во 2020 година**

- ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП 788/1 м.в. Довлеџик КО Битола

Површина на плански опфат: 0,53 ха (5300 м2)

- ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 на КП 792/1 м.в. Довлеџик КО Битола

Површина на плански опфат 0,63 ха ( 6300 м2)

- ЛУПД за формирање градежна парцела со намена Е2 – фотоволтаична централа на КП 954 КО Црновец Површина на плански опфат: 1,023 ха (10230 м2)

- ЛУПД со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија на КП 442/1 КО Дихово вон гр.

Површина на плански опфат: 0,82 ха (8281 м2)

**Точка 24. Урбанистичко планска документација на територија на Општина Битола која била во тек на изработка за 2020 година и продолжува и во 2021 година**

**24.1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ (ДУП)**

- ДУП за Урб.Ед. бр. 8 – Блок 6 – Општина Битола ( ДУП за Четврт запад 3 Блок 3.03.03) П= 3.40 ха

- ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп - Општина Битола ( ДУП за Четврт Исток 13 Блок И.13.01) П=16,00ха

- ДУП за Четврт „Монопол„ Блок 1 и 2 – Општина Битола ( ДУП за Четврт Исток 1 за дел од Блок И.01.01) П= 16.55 ха

- ДУП за Брусничко Лавчански Реон 2 дел Блок 1 – Општина Битола ( ДУП за Четврт Запад 13 за дел од Блок З. 13.05) П= 3,14 ха

- ДУП за Нови градски гробишта, Блок 2 -Општина Битола ( ДУП за Четврт Исток 1 за дел од Блоки И..01.02) П= 4,0 ха
- ДУП за дел од Работна зона северно од патот Битола с Новаци Блок 2 – Општина Битола (ДУП за Четврт Исток 2, Блок И.02.06. П = 5,00 ха
- ДУП за Работна зона м.в. Хераклеа – Општина Битола ( ДУП за Четврт Југ , Блок Ј.03.08)
- ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола –с. Новаци – Општина Битола ( ДУП за Четврт исток 4 Блок И04.01.)
- ДУП за Станбена заедница 4 и 2 Урбан Блок 1 – Општина Битола, (ДУП за Четврт запад 3 Блок 3.08.02)

- ДУП за Довлеџик Блок 3 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 2 Блок 3.02.04)

- ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.1 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3 Блок 3.03.03)

- ДУП за Довлеџик кај базените Блок А.2 - Општина Битола (ДУП за Четврт Запад 3 Блок 3.03.02)

- ДУП за Урбанистичка единица бр. 5 Блок 2 – Општина Битола, (ДУП за Четврт Запад 9 за дел од Блок 3.09.01)

- ДУП ЗА четврт Исток 2 Блок И.02.04 и Блок И.02.05 – Општина Битола

- ДУП за Четврт Исток 9 Блок И.09.01 - Општина Битола
- ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.03 – Општина Битола
- ДУП за Четврт Центар 4 Блок Ц.04.05 – Општина Битола
- ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола

**24.2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)**

- УПВНМ за м.в. Мера КО Дихово – Општина Битола
- УПВНМ за повеќенаменска зона КО Породин – Општина Битола

**24.3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)**

- ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици на КП Бр. 570/1 и КП Бр. 570/2 м.в. Чакал КО Нижеполе – Општина Битола
- ЛУПД за изградба на објекти со намена А1 на КП Бр. 18052/1, 18053 и 18054 КО Битола – Општина Битола
- ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 на КП Бр. 96/2 КО Породин – Општина Битола
- ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 (времено сместување) на КП Бр. 382 м.в. Горица КО Трново – Општина Битола
- ЛУПД за изградба на објекти со намена Д3 (спорт и рекреација) на КП Бр. 301/2 и КП Бр. 302/1 КО Дихово – Општина Битола
- ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 (Големи угостителски единици) на КП Бр. 345 КО Дихово – Општина Битола
- ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена В2-прифатилиште за кучиња скитници на дел од КП Бр. 25/1 КО Битола 5 - Општина Битола
- ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Е2-паркинг за тешки товарни возила на КП Бр. 33/1 КО Горно Оризари – Општина Битола
- ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 568 КО Нижеполе – Општина Битола

### 24.4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

- УП за село ДИХОВО - Договор бр. 16-1560/7 - АФПЗРР
- УП за село НИЖЕПОЛЕ - Договор бр. 16-1560/7 – АФПЗРР

**Точка 25.** Површината на проширување на градежните опфати на населените места согласно усвоената урбанистичка документација во анализираната 2020 година 2,96 ха

**Точка 27. Географски информативен систем**

27.2 Електронската размена на податоци со јавните претпријатија се одвива преку информациските системи е-дозвола, е-урбанизам и е-градежно земјиште,

27.3 За подобро информирање на граѓаните на веб страната на Општина Битола преку платформата пријави проблем, граѓаните може да поставуваат прашања и да добиваат информации.

27.4 Постои едношалтерски систем во Општина Битола.

Врз основа на добиени податоци од:
- Одделение за комунални дејности и
- Одделение за спроведување на урбанистички планови,
- Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Изработил:
Марија Зарова Силјановска, диа

Одобрил :
Валентина Андријашевиќ Кривашија, диа

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**

____________________

**М-р Наташа Петровска**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-37/8
22.03.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот , со стан на поднесено на **11.03.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Утврдување на состојбите и потребите на општината во процесот на креирање на политики за младинско учество и прашања во областа на животна средина **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-37/1
2. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр.11-37/2 од 16.03.2022
3. Допис до Одделение за човечки ресурси со бр. 11-37/3 од 16.03.2022
4. Допис до Одделение за јавни дејности со бр. 11-37/4 од 16.03.2022
5. Одговор од Одделение за човечки ресурси со бр.11-37/5 од 17.03.2022
6. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр.11-37/6 од 17.03.2022
7. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр.11-37/7 од 18.03.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 22.03.2022 година, под бр. 11-37/8.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk